# ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ

за периодот од 1-ви Јануари.2022 до 31-ви Декември .2022 година

1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес
   1.1 Назив на здружението од јавен интерес: **Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија**
   1.2 Седиште: **ул. Кочо Рацин бр.14 - СКОПЈЕ**
   1.3 Податоци за контакт: **тел. 3 223 710, e-mail: kontakt@szpm.org.mk и Web: www.szpm.org.mk**
   1.4 Дејност од јавен интерес: **Култура- сценско уметничка дејност за подготвување и јавно изведување народни песни и игри, како дела од фолклорот, согласно прописите од областа на културата.**
   1.5 Години на дејствување: 77 години
   1.6 Ниво на дејствување: **На Национално ниво**
   1.7 Организациска структура: **Собрание на Сојузот, Извршен одбор, Надзорен одбор, Статутарна комисија и други комисии формирани од страна на Извршниот одбор, Издавачки совет и Редакциски одбор за месечен весник „Пензионер плус“.**
   1.8 Човечки ресурси: **Избрани лица: Претседател на Сојузот и Извршниот одбор, Претседател на Собранието на Сојузот, Потпретседател на Извршниот одбор и Секретар на Извршниот одбор.**

   **Стручни служби:** 1.**Соработник за финансиски-административни раноти; 2.Соработник за благајничко-архивски работи; .3.Соработник за административно-теххнички работи; 4.Возач и доставувач на пошта; 5.Главен и одговорен уредник на весникот „пензионер плус“; 6. Уредник на весникот; 7.Лектор на весникот; 8. Информатичар за компјутерско и графичко уредување на весникот; 9.Уредник за ВЕБ – страната на СЗПМ; 10. Преведувач зана текстови од македонски на албански јазик; и 11. Хигиеничар**

   1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи: **не**
2. Буџет
   2.1 Вкупен буџет: **9.608.284 денари**
   2.2 Извори на финансирање: **Членарина 8.699.034 денари со уч. од 90,5%, приходи од донации172.000 со уч. од 1,8% , приходи од спонзорства 61.000 денари со уч. 0,6%, приходи од дадени услуги (реклами) 455.724 денари со уч. 4,7%, Приходи од проекти – грант 173.061 денари со уч. 1,8% и останати приходи и приходи од камати 54.465 денари со уч.0,6%.**
3. Резиме на програмата за работа:

   1.**Следење на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување**

   -Заложби за редовна исплата на пензиите;

   -тековно следење на движењето на параметрите за усогласување на пензиите;

-следење и давање на мислење за измени и дополнувања на Законот за ПИОМ како и други закони кои се од значење за обезбедување на материјалната и социјалната сигурност на пензионерите;

Во овој период Сојузот поднесе барање за измени и дополувања на Законот за ПИОМ во делот на усогласувањето, кое се прифати од надлежните органи и се направија измени на членот 37 од Законот за ПИОМ при што се донесе нова методологија за усогласување на пензиите, со што се постигна баланс меѓу параметрите од кои зависи одржувањето на реалната вредност на пензијата.

**2.Здравствена зашита на корисниците на пензија**

Во овој период приритетна задача на Сојузот беше котинурана заштита на лицата од третата доба од вирусот „Ковид19“ како грижа за подобро здравје и поквалитетен живот за здраво староење. За таа цел комисијата за здравство и социјална политика на Сојузот, со препорака даде апел за вакцинација на лицата од третата доба како ризична група со укажување за придобивките и заштитата од вирусот. Препораката се испрати до сите здруженија -членки на Сојузот и се објави во месечниот весник „Пензионер плус“.

Сојузот достави барање до Министерството за здравство за промени на позитивната листа на лекови и ослободување од партиципација за болничко лекување за сите возрасни луѓе над 65 години, признавање на трошоците за лекување во приватните здравствени установи.

За реализација на овие барања Сојузот организираше средба со Министерот за Здравство со претседателите на здруженијата на пензионерите и комисијата за здравство и социјална политика. Како резултат на ова се потпиша меморандум за соработка помеѓу Сојузот и Стоматалошкиот факултет –Скопје за давање бесплатни стоматолошки услуги на пензионерите почнувајки од јануари 2023 година.

**3.Ревија, песна, музика и игри**

Во организација на Сојузот се организираа манифестации на 20-тите регионални ревии на песни, музика и игри кои се одржаа во текот на м. Мај 2022 година во осум региони во кои беа вклучени здруженијата, а со цел зачувавување на културно богатство, традиција и идентитет.

По завршување на регионалните ревии на песна, музика и игри се одржа 12-тата Републичка ревија на 31.05.2022 во Скопје, со финансиска подршка од Министерството за култура, затоа што се оценети како манифестации од национален карактер на нашата земја.

За организирање на регионалните ревии и републичката ревија задолжена беше Комисијата за културно-забавен живот и Комисијата за ревии и декорирање на салата кои успешно ја завршија оваа значајна активност.

По завршувањето, Организациониот одбор. избра две здруженија кои учествуваа на престижниот фестифал „Трета животна доба“ во Љубљана Р.Словенија, кој се одржа во цанкаревиот дом на 27-29 септемви 2022година.

На фестивалот настапија пеачи од Словенија, Македонија, Италија , Хрватска и Унгарија.

Нашите преставници имаа впечатлив настап на отворената сцена за што беа наградени со силен аплауз и беа придружени од публиката во орото кое се поведе во холот.

**4.Спорт и спортски активности**

Во организација на Сојузот и здруженијата успешно се одржаа 26- те регионални спортски натпревари во осум региони и за разлика од претходните години беа изоставени спртските дисциплини шах и тегнење на јаже, а со цел да ги заштитиме учесниците од вирусот Ковид-19.

Региоанлните спортски активности во сите осум региони се одржаа во месец Јуни 2022 година.

По завршување на регионалните спортски натпревари, Комисијата за спорт одржа седница на која го разгледуваше Извештајот за утврдување на податоци за прво пласираните поединци со право на настап на Републички натпревари, и Извештајот беше приватен од Извршниот одбор.

Потоа на 14.09.2022 се одржаа 26-те републички спортки натпревари во Охрид на која учествуваа 38 здруженија на пензионери членки на Сојузот и со вкупно 280 натпреварувачи од кои 144 во машка конкуренција и 136 во женска конкуренција.

Оваа најмасовна спртска манифестација се одржа во чест на одбележување на 8-ми септември, денот на независноста на Република Македонија и 20- ти септември денот на пензионерите.

Спортките активноси се значајни заради превенција на здравјето на пензионерите за подобрување на психо-физичката состојба со заложба да се унапредуваат и со поголе опфат на учесници.

**5.Проект „Рурален пензионер 2022 година“**

Координативното тело на активи на пензионерки одржа средби и работилници со активите на пензионерки во одделни региони за прашања од интерес на пензионерите, при што беа посетени пензионерите од руралните средини, за што здрженијата доставија извештаи до Сојузот. Сојузот изготви проект „Рурален пензионер 2022 год.“и конкурираше во рамките на пректот на Црвениот крст на Македонија „Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост од Ковид 19 и идни катастрофи со што беа одобрении неповратни средства во износ од 340.322 денари, за што се потпиша договор со динамика на исплата во две рати и првата рата беше дозначена на Сојузот на 10.Октомви 2022 година, а втората рата ќе се дозначи во текот на 2023 година.

Здруженијата на пензионерите од руралните средини го прифатија проектот и средствата се реализираа со набавка на прехрамбени производи кои беа дистрибуирани до пензионерите од руралните средини.

4. <u>Транспарентност и отчетност :</u>

-Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, располага со имот во износ од 33.618.194 денари

-Во овој период нема извршени статусни промени;

-Нема судир на интереси во работењето ;

- Нема поведена постапка за престанок и забрана на работата:

- Нема поведување на постапка за стечај;

-Не постои блокирана трансакциската сметка;

- Деловниот и финансискиот извештај се објавени на ВЕБ страната на СЗПМ;

- Извршена е ревизија на финансиското работење и Извештајот од независниот ревизор е објавен на Веб страната на СЗПМ.

Треба да се истакне дека финасиското-материјално работење целиот период го следеше Надзорниот одбор на СЗПМ и на одржаните седници беа разгледувани два периодични финансиски извештаи и Годишниот финансиски извештај за остварување на Приходите и расходите и д Извештајот а работата во 2022 година, со посветено посебно внимание за начинот на располагањето со средствата од аспект на наменско користење, почитување на законите и подзаконските акти. Од одржаните седници за констатираната состојба Надзорниот Орган изготвуви Извештаи и ги доставуви до Извршниот одбор и Собранието на СЗПМ на усвојување.

СКОПЈЕ, ___. 04..2023 година
Место Датум

Лице одговорно за составување
на извештајот

____________________
Своерачен потпис

Станка Трајкова
____________________
Одговорно лице на организацијата
со статус од јавен интерес

____________________ М.П.
Своерачен потпис

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ СКОПЈЕ

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ СКОПЈЕ